Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.146/21), во точката 1 зборовите “Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги СОНЦЕ-ДООЕЛ експорт-импорт Делчево” се заменуваат со зборовите “Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ДАМЈАНОВ А.Д ДООЕЛ експорт-импорт Делчево”.
   Во Прилогот во точка 1 зборовите “Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги СОНЦЕ-ДООЕЛ експорт-импорт Делчево” се заменуваат со зборовите “Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ДАМЈАНОВ А.Д ДООЕЛ експорт-импорт Делчево”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ДАМЈАНОВ А.Д ДООЕЛ експорт-импорт Делчево, со седиште на Булевар “Македонија” бр.6 Делчево (во натамошниот текст: Друштво), на 28 март 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-78/22 од 28 март 2022 година, за настанати промени во називот на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот.

Називот на Друштвото се менува од “Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги СОНЦЕ-ДООЕЛ експорт-импорт Делчево” во “Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги ДАМЈАНОВ А.Д ДООЕЛ експорт-импорт Делчево”.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-ххх/х од 21 април 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 април 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за производство, промет и услуги СОНЦЕ-ДООЕЛ експорт-импорт Делчево.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-78/22**
**21 април 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**